Архивски број: 04-7439/10
Датум: 27-11-2026

Врз основа на член 10 и член 52 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24 и 249/26), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе:

ОДЛУКА
за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 08/2026

1. Кандидатот **Силвана Коцевска,** по пат на Интерен оглас 08/2026 се избира за работното место УПР0101В01000 Советник за младинска политика, Одделение за младинска политика, Сектор за млади.

2. Унапредувањето на административниот службеник од точка 1 ќе се изврши по конечноста на Одлуката, за што министерот ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација, на 12.11.2026 година беше објавен интерен оглас бр.08/2026 за работното место УПР0101В01000 Советник за младинска политика, Одделение за младинска политика, Сектор за млади.

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од министерот за социјална политика, демографија и млади со решение бр. 04-7439/6 од 20.11.2026 година, на ден 24.11.2026 во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција и интервју за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас 08/2026 со број 04-7439/8 од 24.11.2026 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју

Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinive e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат бр. 04-7439/9 од 24.11.2026 година.

Врз основа на Финалната ранг листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог одлуката за избор, министерот за социјална политика, демографија и млади донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Министер,
Горан Велковски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Кандидатот
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Архива

Изработил: Александра Јовевска
Контролирал: Ивона Кусакатска
Одобрил Александра Крстеска Ангеловска
Согласен: Јулијана Павковска Боцевска